**20202262813**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (3) и член 75-а став (6) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 98/2019 и 153/2019), а во согласност со Спогодбата за намалување на цената на роаминг услугите во јавните мобилни комуникациски мрежи во регионот на Западен Балкан потпишана на 4.4.2019 година помеѓу министерствата одговорни за областа на електронски комуникации: Република Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Северна Македонија, Република Србија и Косово (во понатамошниот текст само “Спогодба” и “земји на Западен Балкан”), директорот на Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст само “Агенција”) на ден 2020 година го донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОЛИТИКИ НА ФЕР КОРИСТЕЊЕ И ПРОЦЕНКА НА ОДРЖЛИВОСТА НА УКИНУВАЊЕТО НА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА РЕГУЛИРАНИ МАЛОПРОДАЖНИ УСЛУГИ ВО РОАМИНГ И ЗА БАРАЊЕТО ШТО ГО ДОСТАВУВА ОПЕРАТОРОТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ТАА ПРОЦЕНКА

## ДЕЛ I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

**Предмет и делокруг**

1. Со овој Правилник се уредуваат детални правила со кои ќе се обезбеди доследно спроведување на политиките за фер користење кои операторите може да ги применуваат врз потрошувачката на регулираните малопродажни роаминг услуги.

2. Исто така, се уредуваат и детални правила за:

(а) барањето на операторите кои обезбедуваат роаминг услугите да добијат одобрување за примена на дополнителен надоместок за роамингот, со цел да се обезбеди одржливост на нивниот домашен модел на наплата;

(б) методологијата што Агенцијата треба да ја применува при процена дали операторот кој обезбедува роаминг услуги не е во можност да си ги поврати трошоците од обезбедувањето на регулираните роаминг услуги, како последица на што ќе се наруши одржливоста на неговиот домашен модел на наплата.

Член 2

**Дефиниции**

Во овој Правилник, покрај дефинициите од Законот за електронските комуникации, се употребуваат и дефиниции и појаснувања со следното значење:

(а) „Регулиран повик во роаминг“ е повик во мобилната говорна телефонија направен од претплатник во роаминг, кој потекнува од посетената мрежа и завршува во јавна комуникациска мрежа во рамките на земјите од Западен Балкан или е повик кој е примен од претплатник во роаминг, кој потекнува од јавна комуникациска мрежа во рамките на земјите од Западен Балкан и завршува во посетената мрежа;

(б) „Регулирана СМС порака во роаминг“ значи СМС порака испратена од претплатник во роаминг, која потекнува од посетена мрежа и завршува во јавна комуникациска мрежа во рамките на земјите од Западен Балкан или е примена од претплатник во роаминг, која потекнува од јавна комуникациска мрежа во рамките на замјите од Западен Балкан и завршува во посетената мрежа;

(в) „Регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг“ е услуга во роаминг што овозможува користење на пренос на податоци преку комутација на пакети од страна на претплатник во роаминг преку неговиот мобилен уред додека е поврзан на посетена мрежа. Регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг не го вклучува преносот или приемот на регулираните повици во роаминг или регулираните СМС пораки во роаминг, но вклучува и пренос и примање на MMS пораки;

(г) „Домашна малопродажна цена“ значи малопродажен единечен надоместок на операторот кој ја овозможува роаминг услугата по единица на направени повици и испратени СМС пораки (вклучително и оние кои започнуваат и завршуваат во различни национални јавни комуникациски мрежи), како и податоците кои што ги потрошил претплатникот во националниот пазар. Во случај кога нема специфична домашна молопродажна наплата по единица, домашната малопродажна цена ќе се смета врз основа на истиот механизам за наплата како оној што се применува на претплатникот за направени повици и испратени СМС пораки (вклучително и оние кои започнуваат и завршуваат во различни национални јавни комуникациски мрежи) и податочни услуги искористени од страна на претплатникот во националниот пазар;

(д) „стабилни врски“ значи присуство на територијата на Република Северна Македонија кое произлегува од:

- работен однос на полно и неопределено работно време, вклучително и на граничните работници;

- долгорочни договорни односни кои подразбираат сличен степен на физичко присуство на самовработено лице;

- редовно студирање на периодични студиски програми; или

- други ситуации, како што се вработени кои се испратени од нивните работодавци да изврши услуги/работи или пензионираните лица, секогаш кога се налага соодветно ниво на физичко присуство;

(ѓ) „мобилни малопродажни услуги“ значи јавни мобилни комуникациски услуги што им се даваат на крајните корисници, вклучително и говорни, СМС и податочни услуги;

(е) „пакет со отворени податочни услуги“ значи тарифен модел за давање на една или повеќе мобилни малопродажни услуги со кој не се ограничува обемот на вклучените мобилни малопродажни услуги за пренос на податоци по основ на плаќање на фиксен периодичен надоместок, или за кои домашната единечна цена за мобилни малопродажни услуги за пренос на податоци, добиена со делење на севкупната домашна малопродажна цена, без ДДВ, за мобилните услуги, која одговара на целиот пресметковен период, со вкупниот обем на мобилни малопродажни услуги за пренос на податоци достапни на домашно ниво, е пониска од максималниот големопродажен надоместок на регулирани усуги за пренос на податоци во роаминг;

(ж) „припејд тарифен модел“ значи тарифен модел според кој мобилните малопродажни услуги се даваат по пат на одбивање на кредит што претплатникот му го доверил на операторот пред потрошувачката, а од кој претплатникот може да се повлече без пенали по искористувањето или истекувањето на кредитот;

(з) „маржа од мобилните услуги“ значи заработката, пред данок на добивката и амротизацијата на постојниот имот (матријален и нематријален), од продажбата на други мобилни услуги што не се малопродажни роаминг услуги што се даваат во рамките на земјите од Западен Балкан, па според тоа се исклучуваат трошоците и приходите од ваквите малопродажните роаминг услуги;

(ѕ) „групација“ значи матичното претпријатие и сите негови придружни претпријатија;

(и) „големопродажен дојдовен сообраќај“ е сообраќај кој што е генериран од користење на роаминг услуги во мрежата на операторот (оној кој што управува со повиците, СМС и податоците) од претплатници на оператори од други земји.

## ДЕЛ II

## ПОЛИТИКА НА ФЕР КОРИСТЕЊЕ

Член 3

**Основно начело**

1. Операторот обезбедува регулирани роаминг услугата по домашна цена на своите претплатници кои вообичаено живеат или имаат стабилни врски кои подразбираат често и значително присуство во Република Северна Македонија.

2. Секоја политика на фер користење што ја применува операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги со цел да спречи злоупотребата или неправилна употреба на регулираните малопродажни роаминг услуги подлежи на условите утврдени со Членовите 4 и 5 од овој Правилник и истата треба да овозможи сите претплатници кои што ги користат роаминг услугите да имаат пристап до регулираните малопродажни роаминг услуги по домашни цени при повремени патувања во земјите од Западен Балкан под исти услови кои што важат кога таквите услуги се користат на домашно ниво.

Член 4

**Фер користење**

1. За потребите на која било политика на фер користење, операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги може да побара од своите корисници на роаминг да обезбедат доказ за вообичаеното место на живеење или за други стабилни врски што подразбираат често и значително присуство во Република Северна Македонија.

2. Без оглед на било кое ограничување на обемот на потрошен сообраќај на домашниот пазар, во случај на пакет со отворени податочни услуги, корисникот на роаминг услугите, кога повремено патува во друга земја од Западен Балкан, треба да има можност да потроши обем на сообраќај на регулирани податочни роаминг услуги што се обезбедува по домашна малопродажна цена еквивалентно на најмалку двапати поголем обем од оној што се добива со делење на севкупната домашна малопродажна цена за тој отворен податочен пакет, без ДДВ, која одговара на целиот пресметковен период, со максималниот големопродажен надоместок на регулирани услуги за пренос наподатоци во роаминг.

Во случај на пакетирана продажба на мобилни малопродажни услуги со други услуги или терминална опрема, за потребите на Член 2 став (е) и овој став, севкупната домашна малопродажна цена на податочниот пакет се утврдува така што се зема во предвид цената што важи за поединечната продажба на компонентите за мобилните малопродажни услуги од пакетот, без ДДВ, доколку постојат, или цената на продажбата на таквите услуги со исти карактеристики на самостојна основа.

3. Во случај на припејд тарифни модели, како решение на барањето за политика за фер користење од став 1 на овој член, операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги може да ја ограничи потрошувачката на регулираните услуги за пренос на податоци во роаминг во рамките на земјите од Западен Балкан по цена еднаква на домашната малопродажна цена за обем еквивалентен најмалку на обемот што се добива со делење на севкупниот износ, без ДДВ од преостанатиот расположлив кредит кој претплатникот веќе му го платил на операторот, во моментот на започнувањето на роамингот, со максималниот големопродажен надоместок на регулираните услуги за пренос на податоци во роаминг.

4. Во контекст на обработка на податоците за комуникацискиот сообраќај согласно Член 169 од Законот за електронски комуникации, со цел да се спречи злоупотребата или неправилната употреба на регулираните малопродажни роаминг услуги што се обезбедуваат по домашна малопродажна цена, операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги може да примени фер, разумни и сразмерни контролни механизми засновани на објективни индикатори поврзани со ризикот од злоупотребата или неправилната употреба на роаминг услугите а кои што не се поврзани со употребата при периодичните патувања на претплатникот во земјите од Западен Балкан.

Во објективни индикатори може да спаѓаат мерки за утврдување дали корисникот има поголема домашна потрошувачка одошто потрошувачка во роаминг или поголемо домашно присуство одошто присуство во земјите на Западен Балкан.

Со цел претплатниците кои одат на периодични патувања да не бидат изложени на непотребни или прекумерни предупредувања согласно член 5 став (4), операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги и кој применува такви мерки за да се утврди ризикот од злоупотребата или неправилната употреба на роаминг услугите треба да ги разгледува таквите индикатори на присуство и потрошувачка кумулативно и за период од најмалку 4 месеци.

Операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги, во договорите со претплатниците на роамингот треба да наведе на која мобилна малопродажна услуга или услуги се однесува индикаторот на потрошувачката и минималното времетраење на периодот на разгледување.

Поголемата домашна потрошувачка или поголемото домашно присуство на претплатникот за време на утврдениот период на разгледување се сметаат за доказ дека нема злоупотреба или неправилно користење на регулираните малопродажни роаминг услуги.

За потребите на вториот, третиот и петтиот потстав, секој ден кога претплатникот се најавил на домашната мрежа се смета за ден на домашно присуство на тој претплатник.

Во други објективни индикатори на ризикот од злоупотреба или неправилна употреба на регулираните малопродажни роаминг услуги што се обезбедуваат по домашна малопродажна цена може да спаѓаат само:

а) долга неактивност на одредена СИМ картичка која се поврзува претежно, ако не и исклучиво со употреба само за време на роаминг;

б) претплата и последователна употреба на повеќе СИМ картички од истиот корисник за време на роаминг.

5. Кога операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги со објективни и поткрепени докази утврди дека одреден број на СИМ картички биле препродавани на лица кои ефективно не живеат или немаат стабилни врски што подразбираат често и значително присуство во Република Северна Македонија со цел да овозможи користење на регулираните малопродажни роаминг услуги што се обезбедуваат по домашна

малопродажна цена за други цели покрај периодичното патување, операторот може да преземе непосредни пропорционални мерки со цел да го обезбеди почитувањето на сите услови од претплатничкиот договор.

6. Операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги треба да се придржува до мерките за заштита при обработка на личните податоци и заштита на претплатниците.

Член 5

**Транспарентност и надзор врз политиките за фер користење**

1. Кога операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги применува политика на фер користење, тој во договорите со претплатниците ги вклучува сите услови поврзани со таквата политика, вклучително и сите контролни механизми што се применуваат согласно член 4 став (4).

2. Операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги ја известува Агенцијата за политиките на фер користење согласно овој Правилник преку доставување на одобрување на стандардниот претплатнички договор.

3. Кога постои објективен и поткрепен доказ, врз основа на објективните индикатори утврдени согласно член 4 став (4) од овој правилник, кој укажува на ризикот од злоупотреба или неправилна употреба на регулираните малопродажни роаминг услуги што се обезбедуваат по домашна малопродажна цена во рамките на земјите на Западен Балкан од страна на одреден претплатник, операторот го предупредува претплатникот за забележаните навики на однесување пред да примени дополнителни надоместоци на регулираните малопродажни роаминг услуги.

Овој став треба да се применува независно од тоа дали претплатникот има обезбедено докази за местото на живеење или стабилни врски што подразбираат често и значително присуство во Република Северна Македонија.

4. Кога операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги го предупредува претплатникот согласно став 3 од овој член, истиот го известува претплатникот дека во отсуство на промена во навиките на однесување, кои што треба да покажат реална домашна потрошувачка или домашно присуство, во рамките на период кој не смее да биде пократок од 2 недели, операторот ќе примени дополнителни надоместоци на регулираните малопродажни роаминг услуги. Овие дополнителни надоместоци ќе се применуваат на сообраќајот кој што е реализиран за секое понатамошно користење на услугите со засегнатата СИМ картичката направени последователно од датумот на предупредувањето.

5. Операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги треба да престане со примената на дополнителниот надоместок веднаш откако употребата на регулираните роаминг услуги од страна на претплатникот повеќе нема да покажува ризик од злоупотреба или неправилна употреба на овие услуги врз основа на објективните индикатори утврдени со член 4 став (4).

6. Кога операторот кој обезбедува регулирани роаминг услуги утврди дека СИМ картичките биле предмет на организирана препродажба на лица кои ниту вообичаено живеат ниту пак имаат стабилни врски што подразбираат често и значително присуство во Република Северна Македонија и истите се користат за други цели освен користење на роаминг услугите за повремени патување во земјите на Западен Балкан, операторот ја известува Агенцијата за доказите кои упатуваат на системската злоупотреба и преземените мерки. Ваквото известување не треба да биде подоцна од времето кога се преземаат таквите мерки.

## ДЕЛ III
## ПРИМЕНА И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЦЕНА НА ОДРЖЛИВОСТА НА УКИНУВАЊЕТО НА МАЛОПРОДАЖНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА РОАМИНГОТ

Член 6

**Поднесување на барање за добивање одобрување за примена на дополнителен надоместок за регулирани роаминг услуги**

1. Во специфични и исклучителни околности, во насока на обезбедување на одржливост на домашниот малопродажен модел на наплата, доколку операторот кој што ги обезбедува регулираните малопродажни услуги во роаминг по домашна малопродажна цена не може да ги поврати вкупните реални и проектирани трошоци од обезбедување на регулираните роаминг услуги од вкупните реални и проектирани приходи од обезбедувањето на овие услуги, тогаш операторот може да побара од Агенцијата одобрување за наметнување на дополнителен надоместок на регулираните малопродажни услуги во роаминг. Дополнителниот надоместок треба да се применува само до оној степен кој е неопходен за да се повратат трошоците од обезбедувањето на регулираните малопродажни услуги во роаминг, земајќи ги во предвид применливите максимални големопродажни надоместоци.

2. Доколку операторот одлучи да ја искористи можноста од став (1) тогаш треба да побара одобрување од Агенцијата за наметнување на дополнителен надоместок на регулираните малопродажни услуги во роаминг. Ваквото барање треба да го поднесе без одлагање и да ги достави сите неопходни податоци согласно овој правилник. На секои 12 месеци потоа, операторот треба да ги ажурира податоците и повторно да ги достави до Агенцијата.

3. По приемот на барањето согласно став (2) за наметнување на дополнителен надоместок на регулираните малопродажни услуги во роаминг, Агенцијата ќе направи процена на основаноста за тоа дали операторот не е во можност да ги поврати трошоците во согласност со став (1), а при тоа се доведува во прашање одржливоста на домашниот малопродажен модел. Проценката на одржливоста на домашниот малопродажен модел се заснова на релевантни објективни фактори специфични за операторот, вклучувајќи објективни отстапувања помеѓу различни оператори и нивото на цените и приходите. Агенцијата го одобрува дополнителниот надоместок кога се исполнети условите утврдени во став 1.

4. Во период кој што не е поголем од еден месец од приемот на барањето од став (2), Агенцијата ќе донесе Одлука со која ќе го одобри барањето за дополнителен надоместок на регулираните малопродажни услуги во роаминг, освен доколку барањето е неосновано или содржи недоволно информации. Доколку барањето е неосновано или содржи недоволно информации, тогаш Агенцијата треба да донесе конечна одлука за дополнителен период од два месеци откако ќе му даде можност на операторот да ги дообјасни или да ги дополни информациите што ги поднесол. Со конечната одлука Агенцијата ќе го одобри, измени или одбие барањето за дополнителен надоместок.

Член 7

**Податоци што го поткрепуваат барањето за добивање одобрување за примена на дополнителен надоместок за регулирани роаминг услуги, поднесено од страна на операторот со цел да се обезбеди одржливоста на нивовите домашни модели на наплата**

1. Барањето што го поднесува операторот за добивање на одобрување за примена на дополнителен надоместок на регулираните малопродажни роаминг услуги што се обезбедуваат по домашна малопродажна цена со цел да обезбеди одржливост на својот

домашен модел на наплата се проценува врз основа на податоците за целокупниот обем на регулираните малопродажни роаминг услуги обезбедени од страна на операторот кој го поднесува барањето, проектирани за период од 12 месеци, почнувајќи најрано на 1 јули 2021 година. За првото барање, овие проекции на обемот се пресметуваат користејќи една или комбинација од следниве опции:

(а) реалниот обем на регулирани малопродажни роаминг услуги што ги дал подносителот на барањето по важечката регулирана малопродажна цена за роаминг пред 1 јули 2021 година;

(б) проектиран обем на регулирани малопродажни роаминг услуги по 1 јули 2021 година, каде што проектираниот обем на регулираните малопродажни роаминг услуги за испитуваниот периодот се проценуваат врз основа на реалната домашна малопродажна потрошувачка на мобилните услуги и времето поминато во земјите на Западен Балкан од страна на претплатниците на подносителот на барањето;

(в) проектиран обем на регулирани малопродажни роаминг услуги по 1 јули 2021 година, каде што обемот на регулираните малопродажни роаминг услуги се проценуваат врз основа на сразмерната промена на обемот на регулираните малопродажни роаминг услуги настаната во тарифните модели на подносителот на барањето кои претставуваат значителен дел од претплатничката база врз кои подносителот на барањето определил цените за регулираните малопродажни роаминг услуги да бидат на ниво на домашните малопродажни цени за период од најмалку 30 дена, согласно методологијата утврдена во Анекс I.

Во случај на ажурирање на барањето, проектираниот вкупен обем на регулираните роаминг услуги се ажурира врз основа на реалните просечни навики на потрошувачка на домашните мобилни услуги помножени со бројот на претплатници кои користеле роаминг и времето што го поминале во роаминг во земјите на Западен Балкан во претходните 12 месеци.

2. Сите податоци за трошоците и приходите на подносителот на барањето се базираат на финансиските извештаи кои се доставуваат на Агенцијата, а може да се прилагодат согласно процените на обемот на сообраќај согласно став 1. Кога се проектираат трошоците, отстапки од бројките кои произлегуваат од изминатите финансиски извештаи се дозволуваат само доколку се поткрепени со доказ за финансиски обврски за периодот опфатен со проекциите.

3. Подносителот на барањето ги обезбедува сите потребни податоци што биле употребени за одредување на маржата на мобилните услуги и севкупните реални и проектирани трошоци и приходи од давањето регулирани роаминг услуги во текот на релевантниот период.

Член 8

**Одредување на специфичните трошоци за обезбедување на регулирани малопродажни роаминг услуги**

1. За потребата да се утврди дека подносителот на барањето не може да си ги поврати трошоците, и како последица на тоа се нарушува одржливоста на домашниот модел на наплата, во предвид се земаат само следниве специфични трошоци за роамингот:

(а) трошоците за набавка на пристап за роаминг услуги на големопродажно ниво,

(б) малопродажни трошоци специфични за роамингот.

За истите треба да има поткрепени докази во барањето на операторот за добивање на одобрување за примена на дополнителни надоместоци.

2. Што се однесува до трошоците направени за набавка на регулираните големопродажни роаминг услуги, во предвид се земаат само износот од вкупните плаќања на подносителот на барањето до партнерите што ги даваат таквите услуги во земјите на

Западен Балкан кои се очекува да ги надминат вкупните приходи на поднесилот на барањето од обезбедување на овие услуги на други оператори во земјите на Западен Балкан. Износите на вкупните плаќања на операторот кој обезбедува големопродажна роаминг услуга, треба да се проценат врз основа на проектираниот обем на големопродажните роаминг услуги. Процената на проектираниот обем треба да биде направена согласно член 7 став (1).

3. Што се однесува до малопродажните трошоци специфични за роамингот, во предвид се земаат само следниве трошоци, доколку во барањето се поткрепат со докази:

(а) оперативни трошоци и трошоци за управување на роаминг активностите, вклучително и сите системи за деловни известувања (eng. business intelligence systems) и софтверот наменет за работа и управување на роамингот;

(б) трошоци за податочно порамнување (eng data-clearing) и плаќања, вклучувајќи ги двата трошоци за податочно порамнување и финансиско порамнување;

(в) трошоци за преговарање на договори и за спогодби, вклучително и надворешните надоместоци и употреба на внатрешни ресурси;

(г) трошоци направени заради придржување до регулаторните барањата за давање на регулирани малопродажни роаминг услуги, при што се зема во предвид важечката политика за фер користење усвоена од операторот кој ја обезбедува услугата, и тоа:

- известувања дека претплатниците отпочнуваат со користење на роаминг услуги како и цените на овие услуги веднаш по опточнување на користење на роаминг услугите,

- информации за несакан роаминг во пограничните региони, и

- информирања и ограничувања на пристапот до роаминг услугите при достигнувања на одредени лимити.

4. Трошоците наведени во точките (а), (б) и (в) од став 3 се земаат во предвид само во сразмер на соодносот на вкупниот обем на сообраќај на регулираните малопродажни роаминг услуги на поднесителот на барањето со вкупниот малопродажен појдовен и големопродажен дојдовен сообраќај од неговите роаминг услуги, согласно методологијата утврдена во Анекс II, точки (1) и (2), како и во сразмер на соодносот на вкупниот обем на сообраќај на неговите малопродажни роаминг услуги во рамките на земјите на Западен Балкан со вкупниот сообраќај од неговите малопродажни роаминг услуги во рамките на земјите од Западен Балкан и оние земји кои не се во Западен Балкан, во согласност со методологијата утврдена во Анекс II, точка (1) и (3).

5. Трошоците наведени во точката (г) од став 3 се земаат во предвид само во сразмер на соодносот на вкупниот обем на сообраќај на малопродажните роаминг услуги на подносителот на барањето во рамките на земјите на Западен Балкан со вкупниот сообраќај на неговите малопродажни роаминг услуги во рамките на земјите од Западен Балкан и оние земји кои не се во Западен Балкан, во согласност со методологијата утврдена во Анекс II, точка (1) и (3).

Член 9

**Распределба на малопродажни заеднички и општи трошоци за обезбедување на регулирани малопродажни роаминг услуги**

1. Покрај трошоците утврдени согласно Член 8, во барањето за добивање одобрување за примена на дополнителниот надоместок за роаминг услугите може да се вклучат и пропорционален дел на заеднички и општи трошоци направени за обезбедување на мобилните малопродажни услуги. Во предвид се земаат само следниве трошоци, доколку во барањето се поткрепат со докази:

(а) трошоците за фактурирање и наплата, вклучително и сите трошоци поврзани со обработка, пресметка, изработка и достава на претплатнички сметки;

(б) трошоците за продажба и дистрибуција, вклучително и трошоците за работа на продавниците и другите дистрибутивни канали за продажба на мобилни малопродажни услуги;

(в) трошоците за грижа за корисници, вклучително и трошоците за работа на сите сервиси за грижа за корисници што му се достапни на крајниот корисник;

(г) трошоците за управување со спорни побарувања, вклучително и трошоците кои се стекнати за отпишување на ненаплатливи побарувања на корисниците и наплата на спорните побарувања;

(д) трошоците за маркетинг, вклучително и сите трошоци за рекламирање на мобилните услуги.

4. Трошоците наведени во став 1, доколку се поткрепени со докази во барањето, се земаат во предвид само во сразмер на соодносот на вкупниот сообраќај на малопродажните роаминг услуги на подносителот на барањето во рамките на земјите од Западен Балкан со вкупниот малопродажен сообраќај од сите малопродажни мобилни услуги, добиен како пондериран просек на тој сооднос по мобилна услуга, со пондерирани вредности кои ги одразуваат соодветните просечни големопродажни цени за роаминг што ги платил подносителот на барањето, во согласност со методологијата утврдена во Анекс II, точка (1) и (4).

Член 10

**Одредување на приходите од обезбедувањето на регулирани малопродажни роаминг услуги**

1. За потребите на утврдување дали подносителот на барањето не може да си ги поврати трошоците, како последица на што се нарушува одржливоста на домашниот модел за наплата, во предвид се земаат само следниве приходи и истите се доставуваат во барањето за добивање одобрување за примена на дополнителен надоместок за роаминг:

(а) приходи кои произлегуваат директно од сообраќајот на мобилни малопродажни услуги кои потекнале во посетената земја на Западен Балкан;

(б) сооднос на севкупните приходи од продажбата на мобилни малопродажни услуги врз основа на фиксни периодични надоместоци.

2. Во приходите наведени во точка (а) од став 1 спаѓаат:

(а) сите малопродажни надоместоци кои што настанале како резултат на сообраќајот што се генерирал по надминување на политиката за фер користење која ја применува операторот кој ја обезбедува роаминг услугата;

(б) сите приходи од роаминг услуги во Западен Балкан кои ги нуди операторот а кои се различни од оние на регулираните малопродажни роаминг услуги (алтернативни роаминг услуги),

(в) приходи од сите домашни малопродажни услуги фактурирани на единечна основа или доплати кои се однесуваат на фиксните периодични надоместоци за обезбедување на мобилни малопродажни услуги, а кои настанале со користење на мобилни малопродажни услуги во посетените земји на Западен Балкан.

3. За потребите на одредување на приходите наведени во точка (б) од став 1, во случај на пакетирана продажба на мобилни малопродажни услуги со други услуги или терминали, во предвид се земаат само приходите поврзани со продажбата на мобилни малопродажни услуги. Овие приходи се одредуваат земајќи ја во предвид цената што важи за посебната продажба на секоја компонента од пакетот, доколку постои, или за продажбата на таквите услуги со исти карактеристики на самостојна основа.

4. Со цел да се одреди сразмерот на сите приходи од продажбата на мобилни малопродажни услуги поврзани со давањето на регулираните малопродажни роаминг услуги, се применува методологијата утврдена во Анекс II, точки (1) и (5).

Член 11

**Оцена на барањето за добивање одобрување за примена на дополнителен надоместок за роамингот услугите поднесено од страна на операторот со цел да се обезбеди одржливоста на неговиот домашен модел на наплата**

1. Кога се проценува барањето за добивање на одобрување за примена на дополнителниот надоместок за роаминг поднесено од страна на операторот со цел да се обезбеди одржливост на домашниот модел на наплата, Агенцијата може да заклучи дека подносителот на барањето не може да си ги надомести своите трошоци за обезбедување на регулирани малопродажни роаминг услуги, како последица на што се нарушува одржливоста на домашниот модел на наплата, само кога негативната малопродажна нето маржа за роамингот на подносителот на барањето е еквивалентна на 3% или повеќе од маржата за мобилните услуги.

Малопродажната нето маржа за роаминг преставува износ кој преостанува откако трошоците за давањето на регулираните малопродажни роаминг услуги се одземат од приходите од давањето на таквите услуги, како што е утврдено согласно овој Правилник. Со цел да се одреди оваа маржа, Агенцијата ги прегледува податоците доставени во барањето и ја утврдува нивната согласност со методологијата за одредување на трошоците и приходите, како што е утврдено во членовите 8, 9 и 10.

2. Кога апсолутната вредност на малопродажната нето маржа за роамингот е еквивалентна на 3% или повеќе од маржата за мобилните услуги, Агенцијата сепак го одбива наплаќањето на дополнителниот надоместок доколку констатира дека е малку веројатно одредени специфични околности да доведат до нарушување на одржливоста на домашниот модел на наплата. Во такви специфични околности спаѓаат ситуациите во кои:

(а) подносителот на барањето е дел од групација и постојат докази за внатрешен ценовен трансфер во корист на други подружници во групацијата во рамките на земјите од Западен Балкан, особено во поглед на значителна неурамнотеженост на големопродажните надоместоци за роаминг што се применуваат во групацијата;

(б) степенот на конкуренција на домашните пазари покажува дека постои капацитет за апсорбирање на намалената маржа;

(в) примената на порестриктивна политика за фер користење, која е сепак во согласност со Членовите 3 и 4, која може да ја намали малопродажната нето маржа за роамингот на ниво помало од 3%.

3. Во исклучителни околности кога операторот има негативна маржа за мобилните услуги и негативна малопродажна нето маржа за роамингот, Агенцијата ја одобрува примената на дополнителниот надоместок за регулираните роаминг услуги.

4. При одобрување на дополнителниот надоместок за регулираните роаминг услуги, конечната одлука на Агенцијата го содржи и износот на утврдената негативна малопродажна маржа за роамингот која може да се поврати преку примена на дополнителниот надоместок за малопродажни роаминг услуги што се даваат во рамките на земјите на Западен Балкан. Дополнителниот надоместок треба да е во согласност со предвидувањата на роаминг сообраќајот на кои што се базираат проценките на барателот и се одредува согласно начелата утврдени во Член 8 од Законот за електронски комуникации.

## ДЕЛ IV

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

**Влегување во сила**

Овој Правилник влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службениот весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0201-2531/1
11 септември 2020 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за електронски комуникации,
**Сашо Димитријоски,** с.р.

## ПРИЛОГ 1

Сразмерна промена на реалниот обем на регулираните роаминг услуги во земјите на Западен Балкан споредено со истиот период во претходната година:

$$\left(\frac{\sum_1^n \text{волумен}_k(t)}{\sum_1^n \text{волумен}_k(t-1)} - 1\right) x100$$

каде што

k = услуга (1 = говорна, 2 = СМС, 3 = податочна);

n е бројот на денови од воведувањето на регулираните малопродажни роаминг услуги што се обезбедуваат по домашна малопродажна цена (n ≥ 30); и

t е годината на првата примена на регулираните малопродажни роаминг услуги што се обезбедуваат по домашна малопродажна цена,

Овој процент треба да се користи за пресметка на промената на обемот на сообраќај во текот на проектираниот 12-месечен период така што ќе се помножи со обемот на сообраќај од претходната година.

## ПРИЛОГ 2

(1) Пондерирани вредности ($w_k$)за мобилни малопродажни услуги:

$$w_k = \frac{\text{просечна големопродажна цена за роаминг што ја плаќа операторот}_{ki}}{\sum_{k=1}^{3} \text{просечна големопродажна цена за роаминг што ја плаќа операторот}_k}$$

каде што:

k = услуга (1 = говорна, 2 = СМС, 3 = податочна);

‘просечната големопродажна цена за роаминг што ја плаќа операторот се однесува на просечната единечна цена за небалансиран сообраќај што ја плаќа операторот за секоја услуга, каде што единицата за секоја услуга е евроценти за (i) минути за говорна; (ii) СМС за СМС; и (iii) МБ за податочна услуга.

(2) Сооднос на вкупниот обем на сообраќај на малопродажните појдовни роаминг услуги со вкупниот сообраќај од малопродажни појдовни и големопродажни дојдовни роаминг услуги на поднесителот на барањето:

$$\frac{\text{малопродажен појдовен роаминг сообраќај}}{(\text{малопродажен појдовен} + \text{ големопродажен дојдовен}) \text{ роаминг сообраќај}}$$
$$= \sum_{k=1}^{3} w_k x \frac{\text{малопродажен појдовен роаминг сообраќај}_k}{(\text{малопродажен појдовен} + \text{ големопродажен дојдовен}) \text{ роаминг сообраќај}_k}$$

каде што:

k = услуга (1 = говорна, 2 = СМС, 3 = податочна).

(3) Сооднос на вкупниот обем на сообраќај на малопродажните роаминг услуги на подносителот на барањето во рамките на земјите на Западен Балкан со вкупниот сообраќај на неговите малопродажни роаминг услуги во рамките на земјите на Западен Балкан и оние земји кои не се во Западен Балкан:

$$\frac{\text{малопродажен појдовен роаминг сообраќај во земјите на ЗБ}^{1}}{\text{малопродажен појдовен роаминг сообраќај (земјите на ЗБ + земјите кои не се во ЗБ)}} = \sum_{k=1}^{3} w_k x \frac{\text{малопродажен појдовен роаминг сообраќај во земјите на ЗБ}_k}{\text{малопродажен појдовен роаминг сообраќај (земјите на ЗБ + земјите кои не се во ЗБ)}_k}$$

каде што:

k = услуга (1 = говорна, 2 = СМС, 3 = податочна).

(4) Соодност на вкупниот сообраќај на малопродажните роаминг услуги на подносителот на барањето во рамките на земјите на Западен Балкан и вкупниот малопродажен сообраќај на сите мобилни малопродажни услуги:

$$\frac{\text{малопродажен појдовен роаминг сообраќај во земјите на ЗБ}}{\text{малопродажен појдовен роаминг сообраќај (зем. на ЗБ + зем. кои не се во ЗБ) + дом. сообраќај на малопродажба}} = \sum_{k=1}^{3} w_k x \frac{\text{малопродажен појдовен роаминг сообраќај во земјите на ЗБ}_k}{\text{малопродажен појдовен роаминг сооб. (зем. на ЗБ + зем. кои не се во ЗБ)}_k + \text{дом. сооб. на малопродажба}_k}$$

каде што:

k = услуга (1 = говорна, 2 = СМС, 3 = податочна).

(5) Малопродажен приход од роаминг услуги во земјите на Западен Балкан:

$$\text{малопродажни приходи од роаминг услуги во земји на ЗБ} = \text{приходи од мобилни услуги на малопродажба } x \left(\sum_{k=1}^{3} w_k x \frac{\text{малопродажен појдовен роаминг сообраќај во земјите на ЗБ}_к}{\text{малопродажен појдовен роаминг сооб. (зем. на ЗБ + зем. кои не се во ЗБ)}_к + \text{дом. сооб. на малопродажба}_k}\right)$$

каде што:

k = услуга (1 = говорна, 2 = СМС, 3 = податочна).

[1] ЗБ –Западен Балкан